**ЈУ ЗАВОД  ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ**

# *Извештај за работата на  ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје*

*Скопје,декември 2017 година*

## РЕЗИМЕ

ЈУ Завод за социјални дејности-Скопје во рамките на своите надлежности во континуитет ја следи работата во ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци - Скопје преку увиди и посети во установата, работни средби со вработените, спроведување на обуки и работилници и активна вклученост во сите тековни процеси кои се спроведуваат во установата.

Предмет на овој извештај е утврдување на моменталната состојба на организација и функционирање на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје по направени повеќе увиди во текот на 2017, како и определување на препораки за подобрување на работата и подигнување на квалитетот на услугите кон корисниците, а имајќи го во предвид професионалното искуство и позитивните пракси на вработените за тековните процеси на трансформација на установите и деинституционализација на национално ниво.

Имајќи ја во предвид моменталната состојба на организација и функционирање на установата која е во надлежност на две министерства Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование, кадровска екипираност (73 вработени од кои 30 стручни работници и 43 административно технички и помошен кадар ), хетерогена структура на корисници (68 од кои 36-интернатски и 32-екстерни), расположливи просторно-технички капацитети, но со амортизирана и несоодветна опрема, и повеќе видови на услуги кон корисниците (едукација, работно оспособување, работна окупација, дневен центар) има потреба од преземање активности за реорганизација на целокупното функционирање на установата во корелација со тековните процеси на трансформација на установите и деинституционализација, и тоа:

1. **Дефинирање на дејноста на установата од нормативно-програмски аспект и функционирање согласно разновидните услуги кон корисниците од образовен и социјален/згрижувачки карактер.**

2. **Продолжување на интензивната соработка со центрите за социјална работа и други институции.**

3. **Развивање на дополнителни услуги за деца и лица со попреченост на локално ниво.**

4. **Унапредување на работата на Дневниот центар за возрасни лица.**

5. **Осовременување на подрачјето- работна окупација со корисниците.**

6. **Развивање на процесот на професионална рехабилитација во рамки на установата**

7. **Континуиран професионален развој за сите вработени, согласно изготвен план за едукација на индивидуално и организациско ниво.**

8. **Иницирање користење на програми и методи за работа со деца и лица со попреченост кои даваат позитивни ефекти во подобрување на квалитетот на живот на корисниците.**

**ВОВЕД**

**1 Дејност на установата**

Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје е Јавна установа, дел од мрежата на Јавни установи од социјален карактер која според својата дејност е единствена од таков вид во државата. Установата обезбедува дневно и интернатско згрижување, опсервација, рехабилитационо - корективен третман, воспитание, образование, работно оспособување и работна окупација, спортско- рекреативен и културно забавен живот и здравствена заштита на лица со умерени и тешки пречки во интелектуалниот развој.

**2 Локација, вкупна површина на објектот и опис на простории**

Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје, лоциран на адреса Втора Македонска бригада бб., Општина Бутел, Скопје.

Установата располага со три објекти со вкупна површина од 11.206 м2 и дворна површина од 31.746 м2 и со земјоделско земјиште во населбата Драчево со површина од околу 7 хектари.

Во **првиот** објект просториите се користат на следниот начин: управа - 15 простории, училници - 8, дневен центар за возрасни со 1 главна и 4 помошни простории (кој во моментот просторно е сместен во занимална во третиот објект-инернат, бидејќи сегашните простории се користат за потребите на кујната), 1 фискултурна сала и 1 мала сала за реедукација на психомоторика со 3 помошни простории.

Во 4 простории на приземјето во управната зграда до пред извесно време беше сместена Службата за лица со пречки во менталниот и телесниот развој при Меѓуопштински центар за социјална работа – Скопје, а исто така во истиот објект е сместен и Дневниот центар за лица со Аутизам кој користи 6 простории.

Во **вториот** објект се сместени работилниците и истиот располага со 4 работилници, од кои само дрводелската работилница е во функција и 5 мали помошни простории.

Во **третиот** објект е сместен интернатот со кујната и тој располага со следните простории: 1 трпезарија, кабинет за работна окупација, 5 занимали, кујна со 3 помошни простории, која во моментот се реновира, магацински простор - 3 простории, 16 спални, амбуланта со 6 простории, 2 простории за здравствени работници и дежурни за ноќна смена, 1 просторија за стручни лица за дежурства и перална со 3 простории.

**3 Организација на работа (по служби/оддели)**

Основната дејност и работните задачи кои се утврдени со Статутот, Заводот за рехабилитација на деца и младинци – Скопје ги организира и реализира преку следните организациони единици - оддели:

- Оддел за едукација, работно оспособување и оспособување за работно - производна активност и Дневен центар за возрасни лица
- Оддел за здравство со интернат и кујна
- Оддел за административни и општи работи
- Оддел за утврдување на потреба и помош од друго лице. (стручна комисија за издавање наод, оцена и мислења за потребата од помош и нега од друго лице и оцена на неспособност за работа)

Надлежноста врз работата во установата е во доменот на две министерства: Министерство за образование и наука и Министретсво за труд и социјална политка со институции од двата система (Биро за развој на образование, Завод за социјални дејности).

## 3.1 Оддел за едукација, работно оспособување и оспособување за работно - производна активност и Дневен центар за возрасни лица

**3.1.1 Едукација.** Стручната работа во одделот за едукација ја реализираат стручни лица – дефектолози и воспитувачи со вкупно 16 корисници распределени во 4 нивоа, во две смени: прва смена - од 08:00 часот до 13:30 часот и втора смена - од 13:30 часот до 18:30 часот.

На почетокот на учебната година сите стручни лица изготвуваат План и Програма за воспитно – образовна работа, соодветно за групата која ја води и од истата понатаму се планираат и подготвуваат месечните, неделните и дневните планирања и нивната практична реализација. За реализираните активности од предвидената воспитно - образовна програма се води пропишаната педагошка евиденција и документација за работата.

Наставниот план и програма се реализираат во текот на претпладневната смена преку следните воспитно – образовни подрачја:

- Воспитување на културно – хигиенски навики
- Развивање и корекција на говорот
- Запознавање со околината и природата
- Социјална писменост
- Работно воспитување
- Физичко воспитување
- Ликовно воспитување
- Музичко воспитување
- Ритмика

Во текот на попладневната смена се реализираат воспитни активности, како и индивидуална работа со учениците и воннаставни активности. Воспитните активности се реализираат преку следните воспитни подрачја:

- Самопомош и самозаштита
- Социјализација и комуникација
- Работна окупација
- Спортско – рекреативни активности
- Забавно – музички активности

**3.1.2 Работно оспособување и оспособување за работно - производна активност.** Во тековната година е формирана само една група од 5 корисници за работно оспособување во дрводелската работилница, додека со работна окупација се опфатени 13 корисници. Работата ја спроведуваат дефектолози и инструктори.

Во изминатите две години функционира само дрводелската работилница поради структурата на корисници кои можат да се вклучат во процес на работно оспособување. Освен дрводелската работилница, во функција е и работилницата за пластика која е опремена со соодветни машини за производство на амбалажа и истата може да се користи доколку има корисници кои можат да се вклучат во истата и се обезбеди пласман

на амбалажата која ќе се произведува. Металската работилница и автосервисот во моментот не се во функција. Опремата во овие работилници е застарена и во моментот не може да се стави во функција на потребите на корисниците.

3.1.3. **Дневен центар за возрасни лица.** Во овој оддел се опфатени 22 лица со умерена и тешка интелектуална попреченост над 26 годишна возраст од градот Скопје и блиската околина на градот. Работата на Дневен центар за возрасни лица ја реализираат три лица: дефектолог и двајца инструктори, врз основа на годишна програма, која ги содржи следните подрачја на работа: социјализација и комуникација, културно-хигиенски навики и здравствена заштита, работна окупација, забавно-музички и спортско-рекреативни активности и индивидуални советодавни разговори. Корисниците ги користат услугите на дневниот центар во период од 08:00 до 13:30 часот. Превозот на корисниците од местото на живеење до дневниот центар и назад е организиран од страна на Установата со автобус и комбе. Во текот на дневниот престој за корисниците се обезбедува ужина и ручек.

**3.2 Оддел за здравство со интернат и кујна.** Работата во одделението за здравство со интернат и кујна е насочена кон здравствената заштита на корисниците и редовно следење и подобрување на општата здравствена состојба, обезбедување на подобри услови за престој и соодветна и квалитетена исхрана, а ја спроведуваат доктор по општа медицина и 4 медицински сестри – негователи и 2 готвачи во три смени.

Работата се реализира во три смени, со што на корисниците ќе им биде обезбеден 24 часовен надзор врз нивната здравствена состојба како приоритет, како и асистенција при обезбедување на останатите потреби, хигена, исхрана, придружба при носење во здравствени установи, давање на тековна хронична и останата потребна терапија.

Во тековната година се реализирани активности за подобрување на просторно-техничките услови, односно во завршна фаза е реновирањето на кујната со тарпезаријата, занималните, како и вториот тракт на простории на вториот спрат за потребите на отворање на втора единица во рамки на проектните активности „Мој Дом“.

**3.3 Оддел за административни и општи работи.** Работните активности кои се спроведуваат во овој оддел се однесуваат на:
1) кадровските активности (човечки ресурси),
2) архивско работење,
3) магацинско работење,
4) управување со возен парк
5) хигиената и
6) оддел Економија Драчево.

**3.4 Оддел за утврдување на потреба и помош од друго лице**. Стручната комисија располага со 3 лекарски тима, 3 лица за административната работа, 2 возачи. Работата на стручната комисија се состои во процена на актуелната здравствена состојба на барателите на право за потребата од помош и нега од друго лице и неспособност за работа. Комисијата издава наод, оцена и мислење врз база на поднесената медицинска документација и врз база на непосреден преглед на барателите на овие законски права во нивните домови, во центрите за социјални работи или во соодветните медицински установи доколку се сместени времено во некои од нив. Основна цел на комисијата е објективно решавање на поднесените предмети согласно законот за социјалната заштита и соодветни подзаконски акти.

### 4. Пилот проект „МОЈ ДОМ“

Во 2016 година во рамки на проектни активности на установата, а во насока на трансформација на услугите кон корисниците отпочна проектот „Мој Дом“, чија е цел е да понуди нова организација на живеењето и структурата на дневни активности во нови просторни услови за корисници над 26 годишна возраст, со поддршка од страна вработени. За таа цел е реновиран и опремен еден дел од вториот кат, во кој престојуваат 7 корисници, од кои 4 машки и 3 женски со умерена интелектуална попреченост. Работата ја реализира еден дефектолог и еден инструктор согласно изготвена програма за работа со корисниците, чии подрачја се насочени кон што посамостојно секојдневно функционирање и инклузија во пошироката заедница на корисниците.

Имајќи ги предвид позитивните резултати од овој облик на работа, во 2018 ќе започне со работа и втората единица во рамките на оваа проектна активност, со капацитет за 8 корисници, која за почеток ќе опфати 6 корисници.

### 5. Структура на корисници

Вкупниот број на корисници во установата изнесува 68, од кои 36 се интернатски сместени, а останатите 32 корисници се од Скопје и околината и ги користат услугите на Дневниот центар(22) и едукацијата(10) во рамките на установата. Од вкупниот број на корисници -68, 51 се машки , а 17 се женски.

Во однос на видот и степенот на попреченост, најголем број се со умерена ментална попреченост - 45 корисници, 8 корисници со тешка ментална попреченост и 15 корисници со комбинирани пречки.

Според возрасната структура, најголем број од корисниците (55) се над 18 годишна возраст, од кои 27 корисници од 18 до 26 години и 28 корисници над 26 години. Бројот на корисници до 18 годишна возраст изнесува 13. (табела бр 1)

### 6. Структура на кадар

Во Установата вкупниот број на вработени изнесува 73 лица, од кои 30 стручен и 43 административно-технички и помошен кадар.

Стручениот кадар е составен од следните профили: 18 дефектолози(директор и пом.директор), 1 социјален работник, 1 психолог, 1 логопед, 7 доктори (6 во комисија за туѓа нега), 1 наставник по музичко и 1 воспитувач.

Административно-технички и помошен кадар: 1 секретар, 1 тех. Секретар,1 благајник, 1 домаќин-економ, 1 книговодител, 3 административни техничари, 5 возачи, 7 инструктори, 1 портир, 1 чувар, 10 хигиеничар, 1 агроном и 4 земјоделски работници, 4 мед.техничари, 1 хаус-мајстор, 2 готвачи.

Вработените се финасирани од Министерството за труд и социјална политика или од Министерството за образование и наука.

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи ја во предвид моменталната состојба на организација и функционирање на установата која е во надлежност на две министерства - Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование, бројот и структурата на кадарот, хетерогена структура на корисници, расположливи просторно-технички капацитети, но со амортизирана и несоодветна опрема, и повеќе видови на услуги кон корисниците (едукација, работно оспособување, работна окупација, дневен центар) има потреба од преземање активности за реорганизација на целокупното функционирање на установата во корелација со тековните процеси на трансформација на установите и деинституционализација, и тоа:

## ПРЕПОРАКИ

1. **Дефинирање на дејноста на установата од нормативно-програмски аспект и функционирање согласно разновидните услуги кон корисниците од образовен и социјален/згрижувачки карактер.**

    - Да се организираат работни средби со претставници од надлежните министерства (министерство за образование и наука и министерство за труд и социјална политика) во однос на верификација на програмата за работа на установата, изготвување на акти за организација на установата и систематизација на работните места и други активности кои ќе произлезат а се во насока на подобро функционирање и организација на установата.

    - Во зависност од активностите кои ќе произлезат од соработката помеѓу надлежните институции, воспитно-образовната компонента со корисниците во установата да се редефинира и осовремени со примена на нови пристапи и методи на работа, во соодветни просторно-технички услови и да биде во насока на подржување на инклузивните процеси во преучилишните и училишните установи.

2. **Продолжување на интензивната соработка со центрите за социјална работа и други институции заради преземање на соодветни активности за организирање на понатамошниот облик на заштита на корисниците преку:**

    - Информирање за тековните процеси и активности кои се спроведуваат со корисниците

    - Меѓусебно споделување на информации за состојбата на корисниците и состојбата со семејствата на корисниците

    - Преиспитување на статусот на корисниците заради утврдување на можноста за поседување на имот во сопственост на корисниците или нивните семејства кој би можел да се искористи за создавање на ресурси за деинституционализација- организирано живеење со поддршка и/или мал групен дом.

3. **Развивање на дополнителни услуги за деца и лица со попреченост на локално ниво, по претходно проценети капацитети и можности на вработените, просторно технички услови и анализа на потреби на децата и лицата со попреченост и нивните семејства на територија на град Скопје и околината, како на пример:**

   - Организирање на индивидуални третмани со деца на помала возраст ( пр. од 3 до 6 години)

   - Специјализирани третмани , како што се сензорна интеграција, монтесори педагогија и други релевантни на потребите и можностите на корисниците

   - Советовалиште за работа со родители во насока на превенција од институционализација, работа со биолошките родители чии деца се корисници во установата, прифаќање и справување со предизвиците на одгледување на дете со попреченост и насоки за работа во домашни услови.

4. **Унапредување на работата на Дневниот центар за возрасни лица.**

   **-** Просторно-техничко реновирање и опремување на просториите согласно возраста на корисниците и предвидените програмски активности.

   **-** Осовременување на програмата за работа со подрачја кои ќе бидат во насока кон поддржување за самостојно функционирање и живеење и активно вклучување на корисниците во локалната заедница.

   **-** Продолжување на работното време на дневниот центар.

   **-** Обезбедување на возило кое постојано ќе биде во функција и ќе одговори на потребите за превоз на корисниците.

   **-** Да се воспостави соработка со НВО кои имаат искуство во работата со лица со интелектуална попреченост над 26 годишна возраст опфатени со формата дневен центар, како на пример РЦЛИП Порака.

   **-** Кадровско доекипирање во дневниот центар со цел квалитетно спроведување на групни и индивидуални активности со корисниците.

5. **Осовременување на подрачјето- работна окупација со корисниците.**

   - Изготвување на програма во соработка со окупациони терапевти од други институции.

   - Обука на кадарот за примена на работна окупација.

6. **Развивање на процесот на професионална рехабилитација во рамки на установата**

   - Да се дефинираат услугите во рамките на професионалната рехабилитација кои ќе се понудат на корисниците (проценка, изработка на индивидуални реха-

планови, теоретски/практични обуки, издавање на соодветен документ) во соработка со надлежни институции (МТСП, ЗСД, АВРМ, ФПИОМ и сл). Услугите може да бидат отворени за корисници од Скопје но и од други градови доколку се обезбедат услови за сместување и престој.

- Да се обезбеди кадар кој ќе ја спроведува професионалната рехабилитација и дополнително да се обучи.

- Реновирање на постоечките и/или отворање на нови работилници, каде што ќе се обавува практичниот процес на професионална рехабилитација, и при тоа да се има во предвид занимањата да бидат соодветни на побарувањата на пазарот на труд.

- Активностите за воведување на процесот на професионална рехабилитација да бидат во согласност со тековните активности кои се преземаат на национално ниво.

7. **Континуиран професионален развој за сите вработени, согласно изготвен план за едукација на индивидуално и организациско ниво со посебен акцент за примена на моделот на почитување на човековите права на лицата со попреченост во секојдневната работа, како и за процесот на деинституционализација, тимската работа.**

   - Воведување на организациско учење за размена на искуства, знаења и информации кои вработените ги стекнале преку различни облици на едукации (студиски посети, конференции, обуки и сл.)

   - Имплементација на стекнатите знаења и вештини во непосредната работа со корисниците.

8. **Иницирање користење на програми и методи за работа со деца и лица со попреченост кои даваат позитивни ефекти во подобрување на квалитетот на живот на корисниците (како на пример, примена на методата на интензивна интеракција во ЈУ Специјален Завод Демир Капија со поддршка на УНИЦЕФ, методата на лично планирање и сл.)**

ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје
*Скопје, декември 2017 година*

## ПРИЛОЗИ

### Табела 1. Податоци за корисниците според возраст

| | **Возраст** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| 1. | до 6 год | / |
| 2. | 7 - 10 год | 4 |
| 3. | 11 - 14 год | 3 |
| 4. | 15 - 18 год | 6 |
| 5. | 18 -26 год | 27 |
| **6.** | Над 26 години | 28 |
| | **Вкупно** | **68** |

### Табела 2: Податоци за корисниците според вид и степен на попреченост

| **Ред број** | **Здравствена состојба** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| 1. | Умерена интелектуална попреченост | 45 |
| 2. | Тешка интелектуална попреченост | 8 |
| 3. | Комбинирани пречки | 15 корисници<br>Најчести состојби се: Епилепсија, Психотично однесување, Пречки во говорот и гласот, Енцефалопатија, Аутистичен синдром, Хиперкинетско однесување, Даунов синдром, Промени во однесувањето, едукативна запоставеност итн. |
| | **Вкупно** | **68** |

**Табела бр. 3: Податоци за кадровска структура**

| **Кадровска структура** | |
|---|---|
| Административно-технички и помошен кадар | **43** |
| Стручен кадар | **30 (6 доктори во комисијата)** |
| **Вкупно** | **73** |